Владата ја разгледа Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на две мали хидроцентрали, на Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ Кичево, со Предлог-одлука (нов текст) и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на две мали хидроцентрали, на Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ Кичево, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - прошетка на посетители во Националниот парк Галичица, со превозно средство – чамец (без мотор), во Свети Наум, со Предлог-одлуки за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да обезбеди мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 5

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Националниот парк Галичица, прошетка на посетители со превозни средства АТВ-четириколки, со Предлог-одлуки за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата текстот на одлуките да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да обезбеди мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 6

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк Галичица, угостителска дејност на сплавови во Извориште кај Св.Наум, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата текстот на одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да обезбеди мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски.

## Точка 7

Владата по Годишната сметка за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен “-Скопје и Годишниот извештај за работењето со финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје, со предлог-одлуки, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен “-Скопје за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ги разгледа Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето во 2020 година на ЈП „Стрежево“ Битола со Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020 година и предлог-одлуки и ги донесе:

- Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на ЈП „Стрежево“–Битола за 2020 година (нов текст), во предложениот текст и

- Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на ЈП „Стрежево“-Битола за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има превид укажувањето во Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево“-Битола за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, Одлука за изменување на Изјавата за основање и Одлука за покривање на загубите на „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2019 година, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за намалување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод” ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст

2. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за покривање на загубата на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

4. Ја даде Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2020 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2020 година, со дополнување и Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2020 година, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2020 година, во предложениот текст.

3. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата по Годишниот извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата по Годишната сметка на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година, со Извештај од независниот ревизор и Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 14**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата по Барањето за одобрување на Годишна сметка за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година; Годишен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година и Финансиски извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, со Извештај на независните ревизори, со Предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата по Барањето на дозвола за повторно вклучување во мрежа на ТЕ „Осломеј“ заклучи:

- Се дава дозвола на АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје за повторно вклучување во мрежа и производство на електрична енергија на ТЕ „Осломеј“, почнувајќи од 22 август 2021 година.

**Точка 17**

Владата по Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2020 година, со Предлог-одлуки, ги донесе:

1. Најновиот текст на Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во предложениот текст.

2. Најновиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

3. Најновиот текст на Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2020 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2020 година (Кристијан Трајковски – извршен член на Одбор на директори), во предложениот текст.

5. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2020 година

(Шукри Масурица – неизвршен член на Одбор на директори), во предложениот текст.

6. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2020 година (Вангел Андрески – претседател на Одбор на директори), во предложениот текст.

7. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2020 година (Силвана Јовчевска – независен неизвршен член на Одбор на директори), во предложениот текст.

8. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје за 2020 година (Александар Цуцулоски–неизвршен член на Одбор на директори), во предложениот текст.

9. Одлуката за изменување на Одлуката за изградба на источна и западна трибина на Национална арена Филип II Македонски - Скопје, рушење на постојната источна и западна трибина, фасадно обликување и илуминација на Национална арена Филип II Македонски – Скопје, реконструкција на јужна трибина и реконструкција на спортски терен (борилиште) на Национална арена Филип II Македонски - Скопје, доврешување целосно на изградбата на поттрибинскиот простор на северна трибина, целосна изградба на поттрибинскиот простор на источна и западна трибина, опремување на Национална арена Филип II Македонски – Скопје (борилиште и подтрибинскиот простор) и учество во изградба на инфраструктурна мрежа и објекти, во предложениот текст.

<u>Точка 18</u>

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки од страна на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката –Скопје по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година изготвен од овластениот државен ревизор, Државниот завод за ревизија, со Акциски план, како материјал за информирање.

<u>Точка 19</u>

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на деловен простор даден на трајно користење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата со Правилник за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата по новиот текст на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на катна гаража во Општина Охрид, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на катна гаража во Општина Охрид, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува, дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ги одложи од разгледување Предлог-одлуката за продажба на движна ствар; Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад и Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање или транспортирање, преработка рециклирање и уништување на отпад, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата текстот на одлуките да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 26**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (КП бр. 1728/1 КО Струмица), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата по новиот текст на Планот за изменување и дополнување на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Планот за изменување и дополнување на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.6689 КО Ново Село) (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, со заклучок претходно текстот на истата предлагачот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за користење деловен простор под закуп на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Кичево, со дополнување, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот да го наведе изворот за обезбедување на финансиски средства по барањето.

**Точка 33**

Владата ја одложи од разгледување Одлуката за утврдување на висината на трошоците за акредитација и надоместоците за работа на надворешните оценувачи, со Предлог-одлука за давање на согласност, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата од дополнителни усогласувања по материјалот со Министерството за финансии.

**Точка 34**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое ќе врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 36

Владата по Барањето согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање или транспортирање на отпад, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат, по скратена постапка за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за настанатата ситуација со откажување на туристички аранжмани од страна на грчки тур оператор MOUZENIDIS, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Атина да обезбеди информации за настанатата ситуација и за истото да ја информира Владата во рок од седум дена.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Атина на сите туристички агенции со лиценца А да им помогнат при аплицирање за барање отштета поврзана со тур операторот MOUZENIDIS.

## Точка 39

Владата по Информацијата во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метелични минерални суровини на локалитетот „с.Коњско“ Општина Гевгелија и Општина Кавадарци на Друштвото за производство, трговија и услуги Резервоар минералс Македонија ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - метални минерални суровини на локалитетот „с.Коњско“ Општина Гевгелија и Општина Кавадарци на Друштвото за производство, трговија и услуги Резервоар минералс Македонија ДООЕЛ Скопје.

2. Се задолжува Министерството за економија со Решение да го одбие Барањето за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – метални минерални суровини на локалитетот „с.Коњско“ Општина

Гевгелија и Општина Кавадарци на Друштвото за производство, трговија и услуги Резервоар минералс Македонија ДООЕЛ Скопје, имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за животна средина и просторно планирање, Општина Гевгелија и Општина Кавадарци.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста" с.Бешиште, Општина Прилеп со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста" с.Бешиште, Општина Прилеп

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата во мислењата на Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор води и Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина.

**Точка 41**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Дупен Камен" с.Беловодица, Општина Прилеп, поради потребата да се изврши дополнително усогласување со Секретаријатот за законодавство и материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Кадиица" Општина Ресен, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални

геолошки истражувања на минерална суровина–глина на локалитетот „Кадиица“ Општина Ресен (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Скрка“ с.Дебриште, Општина Росоман 5/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/21), со Извештај и Предлог – одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Скрка“ с.Дебриште Општина Росоман 5/2021, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/21.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Минерал АС ДОО Марена, Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата по Информацијата во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „Попова Шапка - Дамјан“ Општина Радовиш, Општина Штип и Општина Конче, со Предлог-одлука, не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метални минерални суровини на локалитетот „Попова Шапка - Дамјан“ Општина Радовиш, Општина Штип и Општина Конче, имајќи ги предвид негативните мислења од Општина Радовиш, Општина Штип и Општина Конче.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Изгрев 2017 (со седиште на ул. Нас. место без уличен систем бр. 1 Калишта, Струга, за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2021 година, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2021 година, најдоцна во рок од 30 дена.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности и Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управата за јавни приходи, со Предлог-одлуки и ги донесе:

- Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управата за јавни приходи (нов текст), во предложениот текст и

- Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 49

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за поништени одлуки на Владата за давање на дивеч под концесија во ловиштата бр.5 „Тажево“ и бр.2 „Копришница“ од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

## Точка 50

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година.

## Точка 51

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на ИПА проектот: - Подобрување на спроведувањето на ЕУ Директивата за поплави преку усогласување на националното законодавство и подготовка на Планови за управување со ризици од поплави“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, по склучување на договорот, на квартална основа да ја информира Владата за статусот на спроведување на Проектот.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Поддршка во спроведување на директивите за квалитет на воздух“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, по склучување на договорот, на квартална основа да ја информира Владата за статусот на спроведување на Проектот.

## Точка 53

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Договор за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за меѓународен развој на САД и Владата на Република Северна Македонија за банкарски гаранции во земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија и го усвои Предлогот со следните заклучоци:

1. Го прифати најновиот Нацрт-текст на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции во земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија, како основа за водење на преговори, што предлагачот ќе го усогласи со Министерството за надворешни работи.

2. Се задолжува шефот и членовите на Делагацијата при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции во земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија.

3. Се овластува шефот на Делегацијата да го парафира усогласениот текст на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции во земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија за завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за извршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договор.

Исто така, Предлогот за состав на Делегацијата која ќе ги води преговорите и пресметка на трошоците за работа на Делегацијата од Министерството за финансии да се назначи лицето Владо Караманолевски, наместо досегашниот претставник Александра Симјаноска.

## Точка 54

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Таор за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Таор за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Таор, Општина Зелениково, во предложениот текст.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за Прогрес-мониторинг за следење на процесот на апроксимација на националното законодавство од областа на животната средина со правото на Европската Унија за 2021 година, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Агенцијата за храна и ветеринарство, а се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, да доставaт, односно да ги потврдат номинациите на лица кои ќе бидат одговорни за пополнување на Табели за усогласеност (TOC's) и Имплементациони прашалници (IQ's) одделно за секоја ЕУ Директива/Регулатива за кои се определени како одговорни во листата содржана во оваа информација до претседателот на работната група 27 Животна средина за подготовка на НПАА, најдоцна до 6 август 2021 година.

2. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерство за правда, Агенцијата за храна и ветеринарство, а се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, најдоцна до 15 август 2021 година да ги достават пополнетите Табели за усогласеност (TOC's) и Имплементациони прашалници (IQ's) за секоја ЕУ Директива и Регулатива/Одлука, до Министерството за животна средина и просторно планирање.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, при ревизија на важечката Одлука за формирање на работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и подготовката на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.159/19), да пропише правен основ за

формирање на работна група за прогрес мониторинг, на начин како што беше претходно уредено со член 8 од Одлуката за образување на работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/09 и 66/15).

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Централната лабораторијата за животна средина и потребата и условите за акредитација на нови методи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги предвиди потребните вработувања во Планот за вработување во 2022 година, а понатаму и во Планот за вработување во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства, односно да даде согласност за вработување на 3 (три) лица во 2022 година, за акредитација на нови методи во лабораторијата за животна средина.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање еднаш годишно да ја информира Владата на Република Северна Македонија за одржување на акредитација на лабораторијата за животна средина и акредитација на нови методи.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да предвиди три нови вработувања во одделението за мониторинг на квалитет на воздух во Планот за вработување за 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства за вработување на 3 (три) лица за поголема функционалност на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање еднаш годишно да ја информира Владата на Република Северна Македонија за работата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух.

**Точка 58**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за начинот, постапката и критериумите за распределба на средства обезбедени во потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 5 август 2021 година (четврток).

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од склучување на Амандман бр.4 на Договорот за заем по Проектот - „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ со Европската инвестициона банка, со Амандман бр.4 на Договорот, ја усвои Информацијата и го прифати текстот на Амандманот бр.4 на Договорот за заем по проектот - „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ со Европската инвестициона банка.

**Точка 60**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со статусот на работата на Работната група за решавање на прашањата поврзани со долгот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје кон Хрватски железници Карго и за потребата од негово решавање за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 5 август 2021 година (четврток), поради потребата Министерството за транспорт и врски и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да се усогласат по материјалот.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Рамнобор“ Мариово, Општина Прилеп и ја донесе Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Рамнобор“ Мариово, Општина Прилеп, со заклучок предлагачот текстот на Одлуката редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 62**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер и мермеризиран варовник на локалитетот „Змејова Дупка“ с. Липовиќ, Општина Конче и Општина Радовиш и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 63

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–варовник на локалитетот „Долна Краста“ с.Велешта, Општина Струга (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 64

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварц на локалитетот „Голубица“ с.Клечовце, Општина Куманово (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 65

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Трговското друштво за производство трговија и услуги Аснера 96 ДООЕЛ с.Франгово - Струга на локалитетот „Малка“ с.Мали Влај, Општина Струга и ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Трговското друштво за производство трговија и услуги Аснера 96 ДООЕЛ с.Франгово - Струга на локалитетот „Малка“ с.Мали Влај, Општина Струга со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

## Точка 66

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за земјоделство, сточарство, производство, трговија, транспорт и услуги Агрогорис ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, на локалитетот „Ајдучко Поле 1“, Општина Виница, за седницата на Владата, што ќе се одржи на 5.8.2021 година, поради потребата да се изврши дополнително усогласување со Секретаријатот за законодавство и предлагачот да обезбеди мислење од Министерството за финансии.

## Точка 67

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – фелдспат на Акционерското друштво за неметали Огражден АД Струмица на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 5 август 2021 година (четврток), поради потребата, материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така, предлагачот да обезбеди мислења од надлежните институции.

**Точка 68**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за прогласување на дел од Водно за заштитено подрачје од V категорија-заштитен предел, поради потребата да се изврши дополнително усогласување со Секретаријатот за законодавство и други надлежни институции и материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (109.000.000 денари наменети за Министерството за финансии, за да се реализира поврат на средства кон Европската комисија врз основа на нерегуларности утврдени од страна на ОЛАФ), во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го донесе Изменувањето на Лиценцата број 45-8790/1 од 19.11.2019 година издадена на Трговското друштво „Дивиен“ ДОО експорт-импорт Скопје за приредување на игри на среќа во автомат клуб, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за Третиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) за 2020 година, со Годишен извештај, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Го усвои Годишниот извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018–2022 за периодот јануари–декември 2020 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да ја достави Методологијата за начинот на подготовка, следење на спроведувањето, евалуација и известување за секторските стратегии како стратешки плански документи, на разгледување и усвојување на седница на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на 2021 година.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да достави до Владата на Република Северна Македонија Предлог-деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата со цел обезбедување на правен основ за подобрување на спроведувањето на процесот на Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) и поврзување со процесот на Оценка на спроведување на регулативата (ОСР), најдоцна до крајот на ноември 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии да го донесе Актот за стандардизирани трошоци, насловен како Упатство за утврдување на стандардизирани трошоци за владините стратегии, најдоцна до 1 септември 2021 година.

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење

Видно од приложениот текст на Предлогот на закон и образложението кон истиот, основна цел на ова законско решение е пропишување можност во искучителни ситуации и со исполнување на одредени услови растојанието меѓу државните патишта и железничките пруги, да биде помало од 40 метра. Ваквата потреба е констатирана при изградбата на автопатот Кичево - Охрид, железничката пруга Крива Паланка – граничен премин Република Бугарија, каде на одредени места дојдено е до колизија помеѓу трасата на автопатот и трасата на железничката пруга, односно растојанието помеѓу трасата на железничката пруга и трасата на автопатот (заштитниот појас на автопатот) е помало од 40 метри што е спротивно од Законот за јавните патишта. Исто така, при дефинирањето на ширината на заштитниот појас на државните патишта во Законот за јавните патишта испуштено е да се дефинира ширината на заштитниот појас на експресен пат кој согласно дефинициите претставува државен пат. Предложеното решение ќе овозможи давање на меѓусебни согласности меѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура-Железници на Република Северна Македонија.

Оттука, согласно претходнонаведеното, Владата на Република Северна Македонија во врска со дополната на став (1) во член 40 нема забелешка, но за новиот став (10) кој се додава во член 40 го дава следниот предлог:

„(10) По исклучок од став (1) од овој член во случај кога заштитнот појас од државните патишта се преклопува со заштитниот појас од други линиски инфраструктурни градби уредени со Законот за градење, заштитните појаси може да бидат помали под услов да не се допираат слободните профили на градбите и меѓу нив да може да се постави опрема и уреди за безбедно одвивање на севкупниот сообраќај, под услови и на начин утврдени во согласност издадена од институција надлежна за линиската инфраструктурна градба.

## Точка 170

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 3, став (1), точка 12 и член 49, став (1) од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), поднесено од Владата на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата мислење по Барањето да достави Министерството за здравство.

## Точка 171

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со актуелните состојби во здравството, со осврт и на кризата предизвикана од коронавирусот, за наредната седница на Владата, поради потребата да се обезбеди мислење од Министерството за здравство.

Овој материјал претходно да се разгледа на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 172

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 14, став (2), точка 3, подточка г од Законот за данокот за додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 9/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 267/20 и 163/21), поднесено од пратениците Владо Мисајлоски и Бојан Стојаноски, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за финансии да достави мислење по Барањето.

## Точка 173

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 11, став 4 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 188/13.27/14, 154/15. 192/15,23/16, 190/16 и 193/17), поднесено од пратеникот Атонијо Милошоски и притоа го утврди следното мислење:

Со член 11 став (4) од Законот за вршење на сметководствени работи е уредено дека мандатот на претседателот е пет години. Дополнително, во член 4 став (6) од Законот е уредено дека Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија има статут со кој особено се уредува: организацијата, управувањето, работењето, финансирањето и претставувањето на членовите во Собранието. Во член 35 од Статутот на Институтот е уредено дека функцијата претседател на Институтот ќе престане: со истек на мандатот, по сопствено барање со поднесување на оставка, со престанување на членството во Институтот, односно бришење од соодветниот регистар, со одлука на Надзорниот одбор и во случај на трајна спреченост. Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за автентично толкување на член 11, став (4) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 188/13, 27/14, 154/15, 192/15, 23/16, 190/16 и 193/17), поднесено од пратеникот

Антонијо Милошоски, со оглед на тоа што одредбите од член 11, став (4) се јасно и прецизно доуредени во Статутот на Институтот.

## Точка 174

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 174 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018), поднесено од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Врз основа на член 173, став 13 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018), постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на универзитетот поблиску се уредува со општ акт на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа.

Согласно член 160 став 1 од Законот за високото образование, вработените на високообразовните установи се:

1. лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност -наставен кадар) и

2. лица вработени во стручната и административната служба и помошно-техничките лица-ненаставен кадар.

Правата, обврските и одговорностите на вработените на високообразовните установи, согласно член 160 став 2 од Законот за високото образование, се уредуваат со општите прописи за работните односи, освен ако со овој закон не е поинаку определено. Странски државјанин, согласно член 160 став 4 од Законот за високото образование, може да врши високообразовна дејност исто како и државјанин на Република Северна Македонија, под условите кои се утврдени со Законот за високото образование.

Согласно член 174, став 1 од Законот за високото образование, постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос со полно работно време меѓу избраното лице и високообразовната установа. Работниот однос се заснова за времето на кое е избрано лицето. Лицата избрани во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање со заснованиот работен однос остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со овој и друг закон и колективен договор.

Оттука, согласно член 174, став 7 од Законот за високото образование, едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа.

Имајќи во предвид дека одредбите од член 174, став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018) се прецизни

и јасни, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не дава автентично толкување на член член 174 став (7) од Законот за високото образование*.

**Точка 175**

Владата ја разгледа Информацијата за попречување на работа на Народниот правобранител во насока на остварување на уставно и законски за загарантираните права на граѓаните во врска со формирани предмети НП бр.872/17, НП бр.1814/17 и НП бр.2824/17 и притоа укажува дека:

Министерството за правда во неколку наврати направи обид да ги искористи законските можности за свикување на Собрание на Комората на вештаци со цел ставање во функција на работата на органите на Комората, како суштински сегмент за правилно и законито извршување на вештачењето од страна на регистрираните вешти лица.

Свикувањето на Собранието покрај немањето на волја од страна на претходната структура на Управниот одбор за надминување на настаната вакум ситуација, дополнително беше усложнета и оневозможена за реализација, поради ковид состојбите во државата.

Ве известуваме дека Министерството за правда повторно ќе направи обид со објавување на јавен повик за свикување на Собрание на Комората на вештаци.

Воедно, Ве известуваме дека од страна на Министерсгвото за правда се формира работна група која ќе работи на подобрување на Предлог - текстот на Законот за вештачење.

**Точка 176**

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата поднесена од Олгица Трајковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.8/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уставниот закон за спроведување на амандманите XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2019), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, да подготви и до Владата да достави мислење по предметниот материјал.

**Точка 177**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.75/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 23 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2002, 60/2006,

29/2007, 106/2008, 135/2011, 113/2012 и 148/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Со иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 23 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2002, 60/2006, 29/2007, 106/2008, 135/2011, 113/2012 и 148/2015), од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на одредбите од член 9, член 51, член 54 и член 81, став 1, точка 4 од Уставот на Република Северна Македонија.
Според подносителот, оспорената законска одредба не е во согласност со една од темелните вредности на Уставниот поредок, а тоа е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, од причина што спорно е било кој во државата да работи спротивно на закон, односно спротивно на владеењето на правото како темелна вредност на Уставниот поредок на Република Северна Македонија. Од овие причини, подносителот упатува на тоа дека не смее да биде дозволено адвокат по навршување на 64 или 67 години возраст, да може да продолжи со вршење на адвокатската дејност затоа што на тој начин се повредувале одредби од Законот за облигациони односи што упатуваат на ништовност на одлуки и воедно, значи вршење на кривично дело „повреда на правото од работен однос".
Оттука, подносителот бара од Уставниот суд да донесе одлука бидејќи оспорената одредба е на штета на граѓаните, а адвокатите не се санкционирани или спречени од причина што со оспорената одредба дополнително се повредува Законот за работни односи.

Поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, како и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите. По однос на наведеното, се укажува дека со оспорената одредба не се врши повреда на темелните вредности бидејќи со истата не се загрозуваат признаените слободи и права, ниту пак се повредува системот на владеење на правото.

За оспорената одредба, подносителот на предметната Иницијатива смета дека не е во согласност со член 51 од Уставот, кој пропишува дека „Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите..." и член 54 од Уставот кој се однесува на ограничувањето на правата и слободите на граѓаните.

Адвокатурата е уставно загарантирана категорија и има важна улога во секое демократско општество, но и централна улога во нашиот правосуден систем. Таа е дефинирана во членот 58 од Уставот на Република Северна Македонија како

самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон. Токму поради таа причина, адвокатурата е регулирана со посебен закон. Оттука, подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува дека оспорениот закон не е во согласност со Уставот бидејќи истиот е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија, а врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот истиот е прогласен и со указ потпишан од страна на Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Подносителот на предметната Иницијатива не е во право дека со оспорената одредба се ограничуваат правата и слободите на човекот и граѓанинот бидејќи со Законот за адвокатурата, конкретно со оспорениот член не станува збор за ограничување по ниеден основ.

Согласно членот 23 од Законот за адвокатура се уредени основите за престанок и мирување на правото на вршење на адвокатска дејност и како основ за престанок на вршење на адвокатската дејност и како основ за вршење на дејност адвокатура не е ставен „со навршување на одредени години старост“. Овој основ не е намерно пропуштен туку законодавецот оценил, од причина што се работи за уставно загарантирана служба со целосна независност и самостојност во работењето, да не го ограничува правото за вршење на адвокатурата со години старост туку да остави на самиот адвокат, кога ќе оцени за потребно, сам да се откаже од правото за вршење на адвокатска дејност. Согласно наведеното, не станува збор за повреда на одредбите од Законот за работни односи, од причина што, таков основ за престанок на вршење на дејност не е предвиден со Законот за адвокатурата, а уште помалку за сторување на кривично дело. Адвокатот својата дејност ја врши јавно, самостојно и независно, со договор за застапување на странката која самоволно го избира за застапување на нејзините интереси.

Со членот 81 од Уставот се уредува постапката за избор на Претседател на државата за што се смета дека станува збор за погрешно повикување на членови и истото не претставува основ за Уставниот суд да ја земе предвид оваа Иницијатива на разгледување и натамошно постапување.

Дополнително, ова законско решение се применува непречено и оттука, по разгледување на сите теоретски и практични причини сме на мислење дека оспорената одредба од Законот за адвокатура е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и согласно ова Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 23 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија” бр.59/2002, 60/2006, 29/2007, 106/2008, 135/2011, 113/2012 и 148/2015).

## Точка 178

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Љупчо Велковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.77/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 372, став 2 од Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека имајќи ги предвид одредбите од член 372, став 2 од Законот за парнична постапка, каде е утврден лимитот од 1.000.000 денари како минимален праг, за странката да има можност да го искористи правото на вонреден правен лек, пред Врховниот суд, претставува повреда на члeновите 8, 9, 15, 24 ставови 1, 50, 51, и 54 од Уставот на Република Северна Македонија.

Неосновани се наводите на подносителот дека наведените одредби се спротивни на Уставот од следните причини:

Оспорениот став 2 на членот 372, не смее да се гледа изолирано, туку само во контекст на целиот член 372, кој ги утврдува роковите и основите за поднесување на вонредниот правен лек -ревизија. Па така ставот (1) го утврдува рокот од 30 дена од денот на доставувањето на препис на пресудата, оспорениот став (2) вредноста на предметот на спорот да надминува 1.000.000 денари во побиваниот дел на пресудата, по кој следува ставот (3) што ги утврдува исклучоците од ставот (2) на овој член, каде без оглед на вредноста на спорот, ревизијата секогаш е дозволена:
во спорови за издршка;
во спорови за надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката;
во спорови од работните односи по повод престанок на работен однос;
во спорови за заштита на авторско право освен за паричните побарувања по тој основ;
во спорови што се однесуваат на заштита и употреба на пронајдоци и технички унапредувања, мостри, модели и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во спорови од нелојален натпревар и монополистички однесувања освен за паричните побарувања по тие основи и
во спорови во кои во постапка по жалба второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда.

Потоа следува ставот (4) кој утврдува дека „Ревизијата по исклучок е дозволена и против второстепена пресуда против која не може да се изјави ревизија според ставот (2) од овој член, ако второстепениот суд во изреката на пресудата што ја донел, тоа го дозволил. Второстепениот суд може да дозволи ревизија со конкретизирање на опфатот на правното прашање кое би се покренало пред Врховниот суд на Република Македонија, ако оцени дека одлуката во спорот зависи од решавање на некое материјално-правно или процесно-правно прашање важно за обезбедување на единствена примена на законот и воедначување на судската практика. Во образложението на пресудата второстепениот суд е должен

да наведе заради кое правно прашање ја дозволил ревизијата и да ги наведе одлуките кои укажуваат на невоедначена примена на законот, како и да ги образложи причините поради кои смета дека ова е важно за обезбедување на единствена примена на закон и воедначување на судската практика.“

Имајќи ја предвид содржината на посочената одредба во нејзиниот интегрален текст, а од друга страна тврдењето на подносителот на уставната иницијатива, сосем е јасно дека со ставот (2) не се повредуваат правата од членовите 8, 9, 15, 24 ставови 1, 50, 51, и 54 од Уставот.

Подносителот на иницијативата треба да има предвид дека ревизијата не е редовен правен лек, туку вонреден правен лек, кој може да се изјави само по однос на правосилна судска одлука, а до правосилна судска одлука се стигнува преку двостепена судска постапка пред основните и апелационите судови во државата. Паричниот лимит како еден од можностите за изјавување на ревизија постои во 75 - годишното парнично законодавството на државата, и има за цел оневозможување на воведување на тростепеност на судските постапки. Имено, правото на ревизија може да се користи под условите предвидени со членот 372, а ставот 2 е само една од предвидените можности. Ревизијата по исклучок е дозволена согласно ставот 3 и ставот 4 на посочениот член 372, заради што недозволиво е парцијално читање и користење на законските одредби.

Од погоренаведеното, сосем е јасно дека Законот за парнична постапка, целосно водел сметка да ги заштити основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, во рамки на фер и правична судска постапка во согласност со член 15 од Уставот , кој го гарантира правото на жалба и двостепеност на судските постапки, дека условите зе еднакви за сите странки, дека вредноста на спорот не е единствениот предуслов за користење на правото на ревизија, и дека постојат бројни исклучоци за тоа утврдени со законот, дека деценискаta пракса на парничната постапка е утврдена во закон донесен со 2/3 мнозинство од пратениците согласно членот 98 од Уставот, поради што наведената одредба не е во спротивност со Уставот како што наведува подносителот на Иницијативата.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 372, став 2 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015).

## Точка 179

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Александар Новаковски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.59/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредба од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/2020) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Инцијативата го оспорува член 163 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), од аспект на член 8, став 1, алинеи 3, 6, 7 и 11, како и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8, став 1, алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругото, е утврдено и владеењето на правото, односно согласно член 8, став 1, алинеја 6 правна заштита на сопственоста, во член 8, став 1, алинеја 7 како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругото, е утврдена и слободата на пазарот и претприемништвото и член 8, став 1, алинеја 11 почитување на општо прифатените норми на меѓународното право.

Согласно член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.
Наодите на подносителот на Иницијативата, посебно од аспект слободата на пазарот и претприемништвото и заштита од монополското однесување на пазарот се неосновани од следните причини:

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20), се врши интервенција во членовите 281 и 281-а од Законот, со што се предвидува можност единствено Црвениот крст на Република Северна Македонија да врши оспособување на кандидати за возачи - укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода (за што издава потврда за оспособеност за укажување на прва помош), наместо постојното решение истото да го вршат покрај Црвениот крст на Република Северна Македонија и овластени здравствени установи.

Од аспект на компаративното искуство во оваа област на земјите во регионот, се укажува дека ова решение е прифатено во законодавството на Република Бугарија и Република Словенија, како земји членки на Европската Унија, а истото во

минатото беше дел од легислативата и во нашата држава (член 244, став (5) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/07).

Целта на законодавецот, преку донесеното законско решение е подобрување на квалитетот на оспособување на кандидатите за возачи од областа на укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода, имајќи ја предвид досегашната пракса на констатирани бројни злоупотреби од страна на здравствените установи при спроведувањето, односно неспроведувањето на наведеното оспособување од една страна, а имајќи го предвид дека Црвениот крст е специјализиран за изведување на оваа обука и има подолгогодишно искуство.

Истовремено, се укажува на фактот дека Црвениот крст на Република Северна Македонија е член на Мегународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, што ќе овозможи признавање на издадената потврда за оспособеност и во низа други држави, членки на оваа мрежа.

Истовремено, мора да се потенцира фактот дека здравствените установи се специјализирани за укажување на медицинска помош, а оваа област претставува дел од оспособување на кандидати за возачи, односно област во која се оспособуваат кандидатите за основни предзнаења како да постапуваат во случај на сообраќајна незгода со повредени лица, а не претставува укажување на медицинска помош.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 163, став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20), е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 163, став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20).

**<u>Точка 180</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Осигурување Македонија А.Д. Скопје од Скопје, преку полномошник адвокат Игор Спировски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.64/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 205 од Законот за облигационите односи, (Службен весник на Република Македонија бр. 18/88, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13) и притоа го утврди следното мислење:

Со иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 205 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013), од причина што подносителот

на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на одредбите од член 8, став (1), алинеја 3 и алинеја 6, како и членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија. Според подносителот, оспорената законска одредба е двосмислена, нејасна, конфузна, непредвидлива (повреда на владеење на правото), наведувајќи дека владеењето на правото подразбирало јасност и прецизност во уредувањето, поточно не требало да внесува ниту најмала доза на правна несигурност, бидејќи само таквите правни норми можат да претставуваат солидна основа за постапување од страна на државните органи, институции,установи и сл. како и дека го исклучува правното дејство на пресуди на Врховниот суд донесени во постапка по ревизија со кои се укинати или преиначени пресуди на пониските судови врз основа на кои била извршена присилна наплата на надоместок на штета означен во таа одредба и ја сведува ревизијата на неефикасно правно средство (повреда на правната заштита на сопственоста). Поради тоа нужно е оспорената одредба да се согледува во контекст на одредбите од Законот за облигационите односи што се однесуваат на правилата за враќање кај „стекнување без основа“ и за надомест на штета, односно справедлив надомест во случаи на повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, одредбите од Законот за парнична постапка што се однесуваат на ревизијата како вонреден правен лек и правното дејство на одлуките што ги донесува Врховниот суд по ревизија, вклучително и како основ за противизвршување според Законот за извршување, како и интерпретација на оспорената одредба од страна на Врховниот суд којашто, по сила на нештата, ја одредува содржината на оспоредниот член во правниот поредок.

Поднесената иницијатива е неоснована од следните причини: За оспорената одредба, подносителот на предметната иницијатива смета дека не е во согласност со член 8 алинеите 3 и 6 од Уставот, кои се однесуваат на владеењето на правото и правната заштита на сопственоста како и со член 30 од Уставот согласно кој „Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување...“ Согласно ставот 2 од истиот член сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата, а согласно ставот 3 од истиот член никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста или правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, како и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите.

Судската заштита е посебен облик на организирана правна заштита. Неа ја даваат, по правило, судовите според посебни правила на постапката кои се детално утврдени со закон. Странката за да го оствари своето повредено, загрозено или вознемирено субјективно право, се обраќа до надлежниот орган или суд со барање за соодветна заштита. Во постапката за правна заштита, судот испитува, на начин

пропишан со процесното право, дали постои наводното субјективно право кое правниот субјект сака да го оствари и ги определува мерките на негова заштита.

Принудата која судот ќе ја примени секогаш се движи во рамките на општите правила на постапување кои се предвидени со процесното право и тоа подеднакво за сите субјекти што учествуваат во постапката за заштита и остварување на правото. Правната заштита на субјективните права кои произлегуваат од корпусот на различните граѓанско-правни односи е уредена со посебни процесни правила. Оваа заштита, на барање на носителот на субјективното право што е повредено, оспорено или загрозено, ја дава судот во посебна постапка за судско остварување на правата – граѓанско-судска постапка. Правната заштита се обезбедува според правилата на редовната (општата) парнична постапка уредена со Законот за парничната постапка. Со Законот за облигационите односи се уредуваат основите на облигационите односи, договорните и други облигациони односи во прометот на стоки и услуги. Одделот 3 од Законот за облигационите односи го уредува поимот „Стекнување без основа“ како едно од најзначајните прашања за остварување на правото. Во Оддел 3 Отсекот 1 од Законот за облигациони односи се дадени општите правила за стекнувањето без основа, а Отсекот 2 ги уредува правилата на враќањето (кога не може да се бара враќање, двојна исплата на долг, извршување на некоја природна обврска или морална или општествена должност, обем на враќање, надомест на трошоците, кога може да се задржи примененото).

Членовите 206, 207 и 208 исто така спаѓаат во истиот отсек од Законот за облигациони односи. Членот 205 од Законот гласи: „(1) Не може да се бара враќање на неосновано платени износи на име надомест на штетата поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, доколку исплатата му е извршена на совесен прибавувач.“ Одредбата со наслов „Кога може да се задржи примененото“ од членот 205 определува ситуација кога не може да се бара враќање на неосновано платени износи извршени на име надомест на штета. Впрочем, таков е случајот кога надоместот на нематеријална штета при повреда на телото, нарушување на здравјето се дава поради претрпените душевни болки, а не надомест за самата повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт. Оттука, според оваа одредба не треба да се враќа тој надомест било да е платен доброволно, било врз основа на судска одлука. Услов е лицето со прибавувањето да не знаел ниту пак да можел да знае, земајќи ги предвид околностите на случајот, дека правно неосновано ги примил износите што му се платени. Се смета дека, ако настане причина за враќање, а тоа не може да се бара од прибавувачот, во тој случај лицето што ги платило тие износи може да бара надомест на тие износи од лицето што било должно да ги плати бидејќи сторило издаток за него, со кој тоа лице неосновано се збогатило.

Имено, досегашната судска практика укажува на примерите кога штетата од членот 205 во одредени ситуации се однесува како на материјалната, така и на нематеријалната штета. Согласно претходно наведеното сметаме дека се неосновани наводите за противуставност на одредбите од член 205 од Законот за облигационите односи во смисла дека истите не биле јасни и предвидливи. Тука се поставува прашањето што подносителот на Иницијативата подразбира под зборот

„предвидливи“, со оглед дека самата одредба е сосема јасна, прецизна и недвосмислена и не доведува до забуни по однос на својата цел. Оспорената одредба јасно утврдува дека неосновано платени износи на име надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт не се враќаат доколку исплатата му е извршена на совесен прибавувач. Ваквата одредба претставува исклучок од одредбите за враќање на имот стекнат без основ и јасно дека ваквиот исклучок се однесува само за неосновно платени износи на име надомест на штета поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, доколку исплатата му е извршена на совесен прибавувач односно доколку кумулативно се исполнети сите наведени услови во тој случај може да се примени предметната одредба. Ова дотолку повеќе што од наводите во Иницијативата произлегува дека на подносителот на Иницијативата му е јасно дека оспорениот член од Законот за облигационите односи претставува исклучок од општото правило дека постои обврска да се врати примението без основ или по основ што се остварил или што подоцна отпаднал, доколку бидат исполнети условите пропишани во него. Членот 205 од Законот за облигационите односи законодавецот го предвидел од причини на хуманост, дотолку повеќе што штетата поради повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт е повреда која создава душевни болки и големи последици врз оштетениот и ваквата штета е ненадоместлива во секој случај. При тоа, согласно оспорениот член, услов кој треба да се исполни за да се задржи примението е прибавувачот да бил совесен во моментот на прибавување на износот за надомест на штета, односно кога исплатата е извршена, врз основа на правосилна судска одлука, односно да не знаел ниту да можел да знае, земјаќи ги во предвид околностите на случајот, дека правно неосновано ги примил износите што му се платени. Во случај кога била донесена судска одлука која станала правосилна и извршна, а со која било утврдено дека постои штетата и за истата бил утврден соодветен паричен надоместок, а тужениот не го исплатил истиот во предвидениот рок, оштетениот има право да бара извршување на досудениот износ согласно одредбите од Законот за извршување, имајќи во предвид дека согласно член 374 од Законот за парничната постапка поднесената ревизија не го задржува извршувањето на правосилната пресуда против која е изјавена. Во овој случај оштетениот совесно го прибавува досудениот износ со оглед дека има правен основ за истото, а тужениот кој не го исплатил навремено досудениот износ за надомест на штета е несовесен, бидејќи лекомислено сметал дека Врховниот суд ќе ја преиначи или укине правосилната пресуда.

Неосновани се и наводите дека Врховниот суд имал потешкотии во донесување на своите одлуки, особено имајќи го предвид Правното мислење кое подносителот на иницијативата го доставува во прилог на истата во кое јасно укажува на почитување на оспорената одредба и потребата да се цени дали прибавувачот бил совесен или не во моментот на прибавување на платените износи. При одлучувањето за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 205 од Законот за облигационите односи, Уставниот суд ќе треба да има предвид дека одредбите од овој член се јасни и недвосмислени и не се во спротивност на темелните вредности утврдени во членот 8 од Уставот. Исто така, со оглед дека интенцијата на законодавецот при донесување на предметната одредба била од

хумани причини да се надомести штетата настаната при повреда на телото, нарушување на здравјето или смрт, како и на душевната болка предизвикана од истите причини, нема повреда ниту на членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот при поднесување на предметната Иницијативата се повика на членовите 189, 190, 192-а и 199 како релевантни одредби од Законот за оспорување на одредбата од член 205. Имено, членот 189 со наслов „Справедлив паричен надоместок" се однесува на паричен надомест на нематеријална штета според условите и претпоставките содржани со тие одредби. Со овие одредби за надомест на нематеријална штета се настојува решенијата да бидат во согласност со природата на нештата и специфичната цел на надоместот, што се остварува во личноста на оштетениот. Оттука, согласно ставот 2 на овој член при одлучувањето за барањето на надомест на нематеријална штета , како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа. Оттука, нападот на личните добра на човекот (чест, углед, слобода, телесен интегритет), покрај материјалната штета може да предизвика и неимотна штета, која би можела да се појави во нарушувањето на психичката рамнотежа, нарушување на нормална душевна состојба, трпење на физики или душевни болки. Неможноста овој вид на штета да се надомести со парични еквиваленти, не може да биде причина да остане ненадоместена и дека само поради тоа личните добра на човекот да останат на подрачјето на цивилната одговорност, незаштитени. Можноста надоместот на штетата за повреда на честа да се побарува од лукративни причини, бара судовите да бидат внимателни при расправање на споровите на овој вид и тој надомест да се ограничи само на релевантните напади кои според својот интензитет и според приликите на општествената средина предизвикуваат јасно манифестирана повреда на честа на човековата личност. Насловот на членот 190 гласи: „Лица кои имаат право на паричен надомест во случај на смрт или тежок инвалидитет" и истиот се однесува на прецизирање на случаите кога може да се оствари правото на таков надомест па е изречно дека тоа се: брачниот другар, децата и родителите (став 1), како и браќата и сестрите, дедовците и бабите, внуците и вонбрачниот другар, ако меѓу нив и умреното, односно повреденото лице постоела потрајна животна заедница (став 2). При утврдување на правото на висината на ваквиот справедлив паричен надомест, судот треба да се раководи од она што е наведено во член 189, со тоа што претпоставка на блискоста е, исто така, еден определен критериумм од која зависи и постоењето на нивните вистински меѓусебни блиски односи. При досудување на надоместот, во тој случај, на секое од овие лица може да им биде досуден различен надомест зависно од интензитетот на душевните болки што ги трпи секој од нив, како и со оглед на останатите околности кои треба внимателно да се испитуваат и проценуваат.

По однос на членот 199 со наслов „ОПШТО ПРАВИЛО" , покрај договорот како согласна изјава на волјите на договорните страни кој е најброен и најважен извор во создавање на облигационо – правни односи, во правото познати се и бројни други извори на облигационо – правни односи, кои не се создаваат со согласна

изјава на волјите. Меѓу нив, како најважни ги издвојуваме: причинување на штета (чл. 141 - 144), додека поретко се јавуваат и други видови на вондоговорни облигации, како стекнување без основ (чл.199, 208), работодавство без налог (чл. 209) и едностраните изјави на волјата (чл.218) Во одредбите од член 199 поставени се општи правила за случаите кога постои стекнување без основ. Така, според ставот 1 на овој член, кога делот од имотот на едно лице премине на било кој начин во имотот на некое друго лице, а тоа преминување нема свој основ во некоја правна работа или во законот, стекнувачот е должен да ја надомести вредноста на постигнатата корист. Под премин на имотот се подразбира и стекнување на корист со извршено дејствие (став 2), а според ставот 3, обврската за враќање, односно за надомест на вредноста настапува и кога нешто ќе се прими со оглед на основот што не се остварил или кој подоцна отпаднал. Покрај овој назив, во правната теорија познати се и други називи: стекнување без правен основ, правно неосновано стекнување, правно неоправдано збогатување, неправедно збогатување, итн. За да настане ваков облигационо – правен однос, треба да се земат во предвид следните претпоставки: - зголемување на имотот на едната страна, но и смалување на загубите, во заштеда на трошоците, што наместо збогатениот ги сторил осиромаштениот, - намалување на имотот (осиромашување) на другата страна; - корелација меѓу намалување и зголемување на имотот на тие лица; - непостоење на правен основ кој правно би го оправдал намалувањето и зголемување на имотот на тие лица; Притоа, треба да се има предвид дека околноста која довела до промена на имотот, не смее да биде штетно дејствие во смисла на граѓански деликт, односно повреда на договорен однос, бидејќи во тој случај би настанала обврска од одговорност за штета.

Кај стекнувањето без основ како облигационо – правен основ, како доверител се појавува осиромаштено лице, а како должник стекнувачот, односно збогатеното лице. Врз основа на наведениот однос, осиромаштеното лице има според збогатеното лице облигационо право кое го овластува од збогатениот да бара враќање на она со што тој се збогатил, а ако тоа не е можно – негова противвредност, со други зборови, збогатениот има обврска да му го врати на осиромаштениот она со што се збогатил на негова сметка или да му ја даде неговата противвредност. Тука станува збор за реституција која може да биде натурална или вредносна. Обемот на враќањето поконкретно се уредува во членовите 203 и 204 на овој закон. Постои квалитативна разлика помеѓу стекнувањето без основ и одговорноста за надомест на штета бидејќи од стекнувањето без основ произлегуваат обврски за реституција, а од настанувањето на граѓанско-правната одговорност произлегуваат обврски за надомест или компензација. По однос на наводите на кои се темели Уставната иницијатива, а конкретно судската пракса на судовите по таков вид предмети, укажуваме дека Министерството за правда не може да задира во начинот на одлучувањето на судиите по конкретни предмети од причина што се забранува секаков вид мешање во судската власт. Имено, судиите одлучуваат непристрасно и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот со посебен акцент на заштита на човековите слободи и права при примена на правото.

При самото одлучување по конкретен предмет, судијата одлучува врз основа на слободна оцена на доказите и со тоа се гарантира независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Дополнително, постапката пред судот се уредува со закон и се заснова врз следниве начела: - законитост и легитимност, - рамноправност на странките, - судење во разумен рок, - правичност, - јавност и транспарентност, - контрадикторност, - двостепеност, - зборност, - усност, - непосредност, - право на одбрана, односно застапување, - слободна оцена на доказите и - економичност.

Имајќи го предвид наведеното, законодавецот јасно ги поставил основите во кои ситуации не може да се бара враќање на неосновано платени износи на име надомест на штета, односно кога може да се задржи примeното, а од друга страна пак, кога се работи за стекнување без основ. Судската практика укажува на присуство на случаи каде овие два облигациони односи несоодветно се користат. Од друга страна, судот е обврзан со основот на тужбеното барање. Така, според членот 2 од Законот за парнична постапка: „Во парничната постапка судот одлучува во границите на барањата што се ставени во постапката". Така, доколку тужителот упатив тужбено барање за стекнување без основ, судот ќе пристапи кон испитување дали се исполнети претпоставките за постоење на овој облигационен однос, односно дали едно лице се збогатило, друго лице осиромашено, дали постои поврзаност во тоа движење на имотот и дали истото е неосновано. Ваквата ситуација во правната практика произлегува од една страна од недоволно разликување на претпоставките за настанување на двата облигациони односи едни од други, но и од недоволна разликување на два процесно-правни институти - основ на тужбено барање и правен основ на тужбено барање. За основот на тужбеното барање зборува членот 2 од Законот за парнична постапка: „Во парничната постапка судот одлучува во границите на барањата што се ставени во постапката". Во конкретните случаи основот на тужбеното барање ќе биде или стекнување без основ или надомест на штета. Од друга страна, правниот основ е регулиран во член 176 од Законот за парнична постапка, според кој: „Судот ќе постапи според тужбата и кога тужителот не го навел правниот основ на тужбеното барање, а ако тужителот го навел правниот основ, судот не е врзан за него." Правниот основ на едно барање се однесува на правните одредби од кои произлегува правото на тужителот, согласно фактичката состојба и правната квалификација на правниот основ секогаш ја определува судот. Впрочем, сентенцата на Врховниот суд на Република Северна Македонија која подносителот на Иницијативата ја наведува, не не упатува на погрешна примена на материјалното право, напротив, преку веќе воспоставена пракса не упатува на правилна примена на одредбите од Законот за облигациони односи во конкретни ситуации низ разни примери од судската пракса. Сентенците на Врховниот суд на Република Северна Македонија служат како судска пракса со цел обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите. Подносителот на предметната Иницијатива не е во право кога наведува дека овој член создава правна несигурност поради тоа што самиот подносител погрешно го интерпретира значењето и суштината на овој член. Оттука, укажуваме на тоа дека дозволеноста на ревизијата, условите под кои може да се побара ревизија, како и постапувањето на надлежните органи по ревизија и одлуките што тие може да ги донесат се

пропишани со Законот за парничната постапка. Изјавената ревизија не го задржува извршувањето на правосилната пресуда и со тоа Врховниот суд по ревизија не може да утврдува нови факти коишто ќе влијаат на висината на утврдениот износ на надомест на штета. Од овие причини сметаме дека оспорената одредба не спречува никого при остварувањето на своето право на сопственост, како што е наведено во самата Иницијатива, туку напротив законодавецот утврдил ситуации кога постои повреда на сопственоста и гарантира соодветна правна заштита во такви ситуации.

Дополнително, законското решение се применува од страна на сите судови непречено и оттука, по разгледување на сите теоретски и практични причини сме на мислење дека оспорената одредба од Законот за облигациони односи е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 205 од Законот за облигациони односи („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013).

<u>Точка 181</u>

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.233/2020 од 28.4.2021 година, за поведување на постапка за оценка на уставноста на член 8 став 3 во делот: „кои се избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот во Иницијативата изнесува наводи поврзани со членовите избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија и како што наведува подносителот на Иницијативата, истата е спротивна на Уставот.

Имено, истиот истакнува дека: „Одредбата од членот 8 став (3) од Законот, со која се предвидувало дека претседателот на Советот и неговиот заменик се избирале од редот на членовите на Советот со право на глас кои биле избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија, не биле во согласност со членот 9 и Амандманот XXVIII од Уставот. Ова поради тоа што законодавецот излегол надвор од уставната рамка со тоа што ги дискриминирал членовите кои биле од редот на судиите кои на овој начин не можеле да бидат избрани за претседател или заменик - претседател на Судскиот совет, а од друга страна членовите кои директно биле избрани од политичарите, односно од Собранието на Република Северна Македонија имале право да бидат избрани за претседател, односно заменик - претседател на Советот.“.

Подносителот на Иницијативата понатаму истакнува дека: „Оспорената одредба била и правно несоодветна, од причина што Собранието избирало вкупно само пет члена од Советот, мандатот на претседателот и заменик - претседателот трае две

години без право на повторен избор, а мандатот на членовите е шест години. Па како може од петте члена за избор на претседател и заменик двајца еднократно да се избираат на по две години, не останува следователно за уште двајца еднократно да се изберат на по две години, во мандатот за шест години бидејќи се пет.“.

Исто така, истиот истакнува дека: „Од друга страна произлегува дека со Законот се дозволува Судскиот совет да го раководат само претставници на членови избрани од Собранието, односно од законодавната власт, со што се задира во самостојноста и независноста на Судскиот совет и судската власт. Со оспорената одредба од Законот се ставаат во нерамноправна положба членовите на Судскиот совет избрани од судиите наспроти членовите во Советот избрани од страна на законодавната власт.“.

Согласно АМАНДМАН XXVIII од Уставот на Република Северна Македонија: „Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

Советот го сочинуваат петнаесет члена.

По функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и министерот за правда.

Осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Тројца членови на Советот избира Собранието на Република Северна Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Двајца членови на Советот предлага претседателот на Република Северна Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Северна Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Членовите на Советот што ги избира Собранието на Република Северна Македонија, односно што ги предлага претседателот на Република Северна Македонија се од редот на универзитетските професори по право, адвокатите и други истакнати правници.

Мандатот на избраните членови на Советот трае шест години, со право на уште еден избор. Условите и постапката за избор, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот се уредуваат со закон.

Функцијата избран член на Советот е неспојлива со членување во политичка партија или со вршење на други јавни функции и професии утврдени со закон.“

Во членот 8 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е уредена материјата за избор и траење на мандатот на претседател па Советот.

Согласно наведениот член:
„(1) Со работата па Советот раководи претседател.
(2) Претседателот на Советот има заменик, кој го заменува во негово отсуство.
(3) Претседателот на Советот и неговиот заменик се избираат од редот на членовите на Советот со право на глас, кои се избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија.
(4) Претседателот на Советот и неговиот заменик се избираат со најмалку осум гласови од членовите со право на глас.
(5) Мандатот на претседатслот на Советот и на заменикот претседател на Советот трае две години без право на повторен избор.“.

Владата на Република Северна Македонија смета дека поднесената Иницијатива во однос на член 8, став (3) од Законот за Судскиот совет е неоснована од причина што легитимно право на законодавецот е да пропишува услови и критериуми за избор на претседатели на разни тела, па и на Судскиот совет. Наведената одредба е поткрепена и со меѓународните стандарди за независноста на судството. Имено, во Мислењето за законите за дисциплинска одговорност и оценувањето на судиите усвоено од Венецијанската комисија на 105-та Пленарна сесија во декември 2015 година се наведува дека: „Претседателот треба да биде избран од редот на членовите избрани од Собранието со 2/3 мнозинство од сите членови, со цел да се даде демократски легитимитет и кредибилитет на Судскиот совет пред јавноста и да се отстрани впечатокот за корпоративно управување со судството.“. Исто така, во документот на Венецијанската комисија CDL-AD(2007)028, Report on Judicial Appointments by the Venice Commision §35, во точката 35 која се однесува на претседавањето со Советите е истакнато дека: „Неопходно е да се осигура дека претседавањето со Судскиот совет го остварува непристрасна личност која не е блиска до партиската политика. Затоа, во парламентарните системи каде што претседателот/шефот на државата има повеќе формални овластувања нема приговор доколку со Судскиот совет претседава шефот на државата, додека во полу-претседателските системи претседавачот со Советот може да биде избран од самиот Совет од редот на несудските членови на Советот. Таквото решение може да воспостави рамнотежа помеѓу неопходната независност на претседателот и потребата да се избегнат можните корпоративистички тенденции во рамките на Советот.“.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 8 став (3) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија не е во спротивност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не го укине или поништи наведениот член од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

## Точка 182

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје со Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 20.8.2021 година, доставено под И.бр.19/20, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Известувањето и истото да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 183

1. Владата го разреши Костадин Ацевски од должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на негово барање. 1.1 Владата го именува Агим Муртезанов за вршител на должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата ја разреши Ана Петровска од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање

2.1 Владата го именува Сретен Стојковски за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Дритан Имери, досегашен вршител на должноста заменик директор на Државниот испитен центар, за заменик - директор на Државниот испитен центар.

4. Владата го именува Амир Шабани, досегашен вршител на должноста директор на Фондот за осигурување на депозити, за директор на Фондот за осигурување на депозити.

5. Владата го избра Стојанче Ангелов, досегашен вршител на должноста директор на Центарот за управување со кризи, за директор на Центарот за управување со кризи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата ја отповика Марина Христовска од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост.

6.1 Владата ја избра Катерина Караманова, за независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост.

7. Владата ја разреши Леутриме Сејдини од должноста член на Управниот одбор – претставник од основачот на ЈЗУ Општа болница – Кичево.

7.1 Владата го именува Газменд Укали за член на Управниот одбор – претставник од основачот на ЈЗУ Општа болница – Кичево.

8. Владата го разреши Орхан Реџепи од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Куманово.

8.1 Владата го именува Ментор Хамзиу за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Куманово.

9. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните, поради истек на мандатот ги разреши: - Назухтере Сулемани, - Мабера Камбери, - Виктор Арнаудовски, - Дане Јовановски, - Маја Ќорлука, - Ирена Милков и - Константин Христовски.

9.1 Владата за членови на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните ги именува: - Назухтере Сулемани, од Министерството за образование и наука - Емилија Печинска, од Министерството за труд и социјална политика - Константин Христовски, од редот на стручните работници вработени во Центарот - Маја Корубин - Ќорлука, од редот на стручните работници вработени во Центарот - Мевљане Зулфиќари, од редот на стручните работници вработени во Центарот.

10. Владата од должноста членови на Советот за образование на возрасните, поради истек на мандатот за кој се именувани, ги разреши: - проф. д-р Зоран Велковски, - проф. д-р Татјана Стојаноска - Иванова, - Трајче Петковски, - Весна Арсова - Динковска, - Маја Тасева, - Маја Савеска и - Анета Атанасовска.

10.1 Владата за членови Советот за образование на возрасните ги именува: - проф. д-р Кирил Барбареев, од Министерството за образование и наука - проф. д-р Татјана Стојаноска - Иванова, од редот на експертите за образование на возрасните - Весна Арсова - Динковска, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, - Маја Петрова, од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, - Мими Шушлеска - Петкова, од Сојузот на стопанските комори на Македонија и - Анета Атанасовска, од Комората на занаетчиите на Македонија.

11. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот ги разреши:
- Боро Варошлија и
- Снежана Костовска - Фрчковска.

11.1 Владата за членови на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија ги именува:

- Боро Варошлија и
- Татјана Настеска.

12. Владата од должноста член и в.д. член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити ги разреши:

- Ленче Тагасовска од член
- Сузана Пенева од в.д. член

12.1 Владата за членови на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити ги именува:

- Оливера Нечовска од Министерство за финансии и
- Сузана Пенева од Министерство за финансии.

13. Владата го разреши Владимир Џаковиќ од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ Скопје.

13.1 Владата го именува Михаил Арсовски за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ Скопје.

14. Владата од должноста член и заменик - член на Комисијата за жалби, ги разреши:

а) од член - Марија Спиреска
б) од заменик - член - Дејан Костиќ

14.1 Владата за членови и заменик - член на Комисијата за жалби, ги именува:

а) за членови - Андријана Даниќ и
- Гордан Симоновски

б) за заменик - член:
- Марина Спирковска

15. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост најдоцна до утре, 5 август 2021 година да свика и одржи седница на Надзорниот одбор на која за член на Управниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост, да ја избере Катица Николовска-Прнаркова и истовремено да ја именува за претседател на Управниот одбор, кој носи назив генерален директор.

**Точка 184**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 24 јули 2021 година до 30 јули 2021 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

2. Владата на предлог на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, да обезбеди сместување и храна на лицата кои ќе доаѓаат од странски противпожарни бригади за помош во справувањето со пожарите на територијата на Република Северна Македонија.

3. Владата по повод укажувањето на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, во врска со понудената помош од Швајцарската амбасада во Скопје за справување со пожарите што ја зафатија територијата на Република Северна Македонија, заклучи Министерството за надворешни работи да достави барање до Швајцарската амбасада во Скопје за помош која би се состоела од материјално - технички средства, односно противпожарно возило или други средства, за потребите на противпожарните единици на Дирекцијата за заштита и спасување и помош за обновување на опожарените куќи и објекти.

4. Владата ги задолжи сите институции од јавниот сектор во кои се именуваат управни и надзорни одбори, одбори за контрола на материјално - финансиското работење, комисии, совети и други органи на управување во рок од десет дена до Комисијата за именување да достават известување зошто не постапиле по Заклучокот од Деведесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2021 година (Прашања и предлози), доставен во прилог, а Комисијата за именување на наредната седница на Владата да информира кои институции од јавниот сектор постапиле, а кои не постапиле по истиот.

5. Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за проектот „Финансирање на активности за проектот колекторски систем од Радожда до Калишта во Општина Струга“ и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1) Даде одобрение на Министерството за животна средина и просторно планирање за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за проектот „Финансирање на активности за проектот колекторски систем од Радожда до Калишта во Општина Струга“, со вклучен надзор, во период од две години и тоа:

-2021 година – 9.000.000.00 денари, раздел 12101, Програма 2, Потпрограма 25
-2022 година – 9.000.000.00 денари

или вкупно 18.000.000.00

2) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

6. Владата во однос на Извадокот од 93-та седница на Владата, одржана на 30 јули 2021 година, донесен по Информацијата во врска со одржување Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 10.8.2021 година, заклучи истиот да се измени и тоа Заклучокот под реден број 4, во Работен дел:, точка 2., во алинејата 5, наместо „Гоце Мојаноски“ да биде „Ристе Ташин“.

7. Владата заклучи да се додели парична награда од по 10.000 денари за пожарникарите кои беа ангажирани во гаснењето на шумските пожари кои го зафатија подрачјето на Општина Кочани и околината, за што е потребно Центарот за управување со кризи во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување и Општина Кочани, во најкраток можен рок да ги достави потребните податоци за пожарникарите на кои треба да се додели паричната награда до Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Согласно ова, се задолжува Министерството за финансии да подготви соодветен акт за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

**Точка 185**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје, за период април-јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 186**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 187**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на АД „МИА"- Скопје, за период од 1 јануари 2021 до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 188**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за период од 1 јануари 2021 година до 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 189**

Владата го разгледа Дополнетиот Акциски план со предвидени и преземени мерки и активности од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија по препораките на Овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај бр. 16-467/5 од 27.4.2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 190**

Владата ја разгледа Информацијата за безбедноста на детските играчки пуштени во промет на територијата на Република Северна Македонија за прв и втор квартал од 2021 година и активности на Државниот санитарен и здравствен инспекторат преземени во прв и втор квартал од 2021 година, како материјал за информирање.

Точка 191

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Твининг проектот ИПА 2016 Јакнење на координативните капацитети за превенција и борба проти насилниот екстремизам и тероризам, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Секретаријатот за европски прашања.

Точка 192

Владата го разгледа Извештајот за работа на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во 2020 година, како материјал за информирање.

Точка 193

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за јуни 2021 година, како материјал за информирање.

Точка 194

Владата ја разгледа Информацијата со компаративна анализа на степенот на загадување на животната средина предизвикано од користењето на електрични и хибридни возила (еколошки возила), споредено со степенот на загадување на животната средина предизвикано од користењето на стандардни возила (дизел, бензин), како материјал за информирање.

Точка 195

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле" – Охрид заклучно со јуни 2021 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

Точка 196

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на Дваесет и петгодишнината од воспоставување на дипломатски односи на Република Северна Македонија со Државата Израел, Соединетите Американски Држави, Обединети Арапски Емирати, Државата Катар, Канада, Кралството Бахреин и Дваесетгодишнината со Соединетите Мексикански Држави, како материјал за информирање.

**Точка 197**

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на издадени електронски изводи од матичните книги преку Националниот портал за електронски услуги, како материјал за информирање.

**Точка 198**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Акцискиот план за статус на проектите финансирани во рамки на ИПА 2 Годишна програма за 2017 „ЕУ Поддршка за образование, вработување и социјална политика" за Министерство за образование и наука (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 199**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Стоименовиќ и Милошевиќ против Северна Македонија А.бр.59842/14, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст (во вкупен износ од 2.750 евра во денарска противвредност по пресудата на ЕСЧП во случајот Стоименовиќ и Милошевиќ против Северна Македонија А.бр.59842/14 најдоцна до 15 септември 2021 година).

**Точка 200**

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2021 година, со Предлог-одлука (нов текст) и ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план за изменување и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 201**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за утврдување на висината на месечниот надоместок за работата на претседателот и членовите на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој и ја донесе Одлуката за утврдување на висината на месечниот надоместок за работата на претседателот и членовите на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

**Точка 202**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за состојбата со хидросистемот „Дојранско Езеро“, капиталните и оперативни трошоци за санација и работење, како и потребата за промена на институционалниот статус на Хидросистемот, со Предлог-одлука за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со хидросистемот „Ѓавато“, Богданци, за седницата на Владата, што ќе се одржи, на 5 август 2021 година, (четврток).

**Точка 203**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на акумулација Паљурци и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање од хидросистемот „Спас за Дојранското Езеро“ да извршува континуиран дотур на вода во акумулацијата Паљурци во количина од 100 л/сек во период од 60-90 дена во зависност од потребите за наводнување и одржување на биолошкиот минимум во акумулацијата.

**Точка 204**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ослободување од данокот на додадена вредност со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/20 и 138/21), го утврди како Предлог на закон за ослободување од данокот на додадена вредност со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 295/20 и 138/21), кој се донесува по скратена постапка и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон предлагачот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за ослободување од данокот на додадена вредност со цел реализирање на Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.295/20 и 138/21), по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на Сектор во Министерството за финансии.

## Точка 205

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на училишен објект на ОУ „Луиѓ Гуракуќи“, подрачно училиште Долна Лешница, Општина Желино и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Министерството за образование на наука за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години, согласно динамика за реализација во рамките на лимитите од Фискалната стратегија и во согласност со одобрениот Буџет за секоја наредна година во соработка со Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

## Точка 206

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на нов училишен објект ПУ во с. Долно Блаце, Општина Чучер Сандево и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Министерството за образование на наука за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години, согласно динамика за реализација во рамките на лимитите од Фискалната стратегија и во согласност со одобрениот Буџет за секоја наредна година во соработка со Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Tahir Hani

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

dr Artan Grubi